Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 23.04.2020

На 22.04.2020 во 13.10 часот Х.М.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„Кемал Сејфула", по претходна меѓусебна расправија бил физички нападнат од едно непознато лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.04.2020 во 15:45 часот, на крстосницата на магистралниот пат Гостивар-Кичево со локалниот пат за с.Зајас, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „голф", со кичевски регистарски ознаки, управувано од Р.Ј.(51) од кичевското село Колари и мотоцикл „гланз", управуван од А.И. (31) од с.Зајас. Притоа, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница во Кичево.

На 22.04.2020 во 17.00 часот било пријавено дека на дел од пругата пред влезниот сигнал на Железничката станица Скопје Север, во правец кон Железничка станица Ѓорче Петров, од неколку малолетници било пукано со воздушна пушка врз машина од товарниот воз, кој сообраќал на релација Трубарево-Јанковиќ, при што било оштетено стакло од локомотивата. При оштетувањето нема повредени лица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.04.2020 во 07.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Славеј Планина" настанал пожар во кој биле зафатени две куќи, сопственост на Ј.Б.(44) и И.И.(45). Во пожарот Ј.Б. се здобила со повреди, откако скокнала од кат од куќа, по што била пренесена во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Од екипи на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил локализиран и извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.04.2020 околу 12.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Кеј Димитар Влахов", поради меѓусебно недоразбирање, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Џ.М.(20) од Скопје и Ж.М.(33) од с. Сарај - Општина Босилово. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 23.04.2020 во 03.30 часот во СВР Скопје, Г.Т.(20) од Скопје пријавила дека нејзината мајка Л.Т.(45) од Скопје, од 17.04.2020 не ѝ се јавувала на телефон и се сомневала дека е почината. Полициски службеници излегле на местото на настанот и во просторија од стан на ул.„Маџир Маало" во Скопје било пронајдено женско тело и траги од крв. Од лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт. Увид извршила увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 22.04.2020 во 16.15 часот во СВР Скопје, Н.Ф.(37) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот на ул.„Цветан Димов" во Скопје, поради нарушени меѓусемејни односи, бил физички нападнат од И.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.04.2020 во 19.00 часот во СВР Скопје, З.Г.(45) с.Огњанци, скопско, пријавил дека од неговиот дом во с.Огњанци се оддалечила неговата ќерка С.Г.(14), за која претпоставува дека се наоѓа на подрачјето на Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 23.04.2020 околу 07.00 часот, во вештачкото езеро во близина на хотел во Струмица, пронајден е починат Џ.Ј (55) од с.Куклиш, Струмичко. Извршен е увид од увидна екипа во присуство на Јавен обвинител од ОЈО Струмица, по чија наредба телото на починатиот е предадено на обдукција.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.С.(43) од с.Липково, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство". Пријавениот, на 18.04.2020, во близина на селската џамија во с.Липково, по претходна расправија поради нерасчистени семејни односи, со нож го нападнал неговиот братучед Ј.С. од с.Липково, нанесувајќи му повреди со смртни последици.

На 22.04.2020 во 23.10 часот полициски службеници го лишиле од слобода Ј.М.(17) од Штип, затоа што во продажен објект на ул„,Асном" во Штип бил затекнат при вршење на кривично дело „тешка кражба", при што одзел пари и цигари. Од страна на полициски службеници одземеното било вратено на сопственикот. По комплетирање на случајот, против лицето ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.Р. (25) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 26.06.2019 во Градски базен во Куманово, полициски службеници при преглед кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

Одделот за гранични работи и миграции – Регионален центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против М.Ш.(32) од с.Студеничани, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,фалсификување на исправа". На 02.04.2020 во 17.40 часот на граничен премин „Деве Баир", при контрола од полициски службеници на македонска патна исправа било констатирано дека на една од страниците механички била отстранета виза.

СВР Скопје, СВР Велес и СВР Куманово поднесоа 32 кривични пријави и тоа против: Б.И.(28), М.А.(30), С.А.(26), Љ.А.(22), Е.О.(36), И.Ј.(44), И.А.(46), А.Љ.(21), А.Р.(21), М.В.(33), Р.Ш.(29), М.И.(39), Ш.С.(28), Н.В.(40), Н.С.(42), А.Р.(36), С.Ј.(21), Р.А.(48), Ј.Б.(36), А.Р.В.(33), Б.Ј.(53), Ф.Ф.(40), Л.М.(48), сите од с.Сингелиќ, скопско, потоа А.П.(38), М.Џ.(47), К.Д.(27), тројцата од Велес, А.Ј.(19), Г.Т.(40), двајцата од Неготино, Б.А.(34), М.Ј.(42), двајцата од Куманово, Л.Х.(42) и С.Ѓ.(38), двајцата од од с.Војшанци, неготинско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените во периодот од 31.03.2020 до 22.04.2020 не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.